# Преглед на зборови

**1** **Оваа вежба проверува дали ги разбираш стручните зборови употребени во оваа тема. Поврзи го секој збор со неговото значење. Првото е веќе направено.**

| | |
|---|---|
| скелет | коските во твоите гради |
| коски | коските на 'рбетниот столб |
| череп | делот помеѓу горниот дел од твојата нога и половината |
| ребра | цврста рамка што го поткрепува нашето тело |
| прешлени | предниот дел од долниот дел од ногата |
| колк | цврсти делови што го формираат скелетот |
| бут | коските на главата |
| потколеница | горниот дел од ногата |

**2** **Напиши по еден збор за секој подвлечен дел од овие реченици.**

Кога сме болни, земаме супстанци што го оздравуваат нашето тело. Освен тоа, тие можат да спречат да се разболиме. Некогаш ги земаме овие супстанции како суви во облик на многу мали зрнца. Ако сме многу болни во болница, можеби ќе ни треба опрема што директно ги внесува лековите во нашата крв. Кога имаме алергија, лекарот ни препишува лекови против алергии. Понекогаш, кога имаме воспалено грло, треба да земеме лекови што лекуваат болести предизвикани од бактерии.



resursi.literatura.mk

Извадок од
Вежбанка со наставни листови по природни науки за 4 одделение.